# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 22 март 1968
Скопје
Број 10 Год. XXIV

Претплатата за 1968 год. изнесува 55 (5.500) дин. Овој број чини 1,60 (160) дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.


108.

Врз основа на член 6 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65), во Деловникот на Извршниот совет се вршат измени и дополнувања така што пречистениот текст гласи:

## ДЕЛОВНИК
### НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој деловник, во согласност со Уставот и Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет, се утврдуваат внатрешната организација и начинот на работењето на Извршниот совет (Совет) и неговите работни тела како и организацијата и делокругот на службите што вршат работи за потребите на Советот.

Член 2

Советот работи и одлучува на седница. Одделни работи Советот врши преку своите работни тела, претседателот и членовите на Советот.

Извршувањето на определени работи Советот може да му ги довери на секретарот на Советот.

Член 3

Советот, во согласност со дејствувањето на Собранието на СРМ (Собрание) донесува програма за работа. Оваа програма, по правило се утврдува за една година.

Заради ефикасно остварување на програмата за работа Советот може да утврдува одделни планови за работа (едномесечни, тримесечни и сл.).

Програмата и плановите за работа на Советот се задолжителни за неговите одбори, комисии и други работни тела (работни тела).

Член 4

Работата на Советот и неговите работни тела е јавна.

За остварување на јавноста во работата на Советот се грижи претседателот на Советот.

Известувањето на јавноста за работата на Советот го организира органот односно службата надлежна за работите на информациите, во согласност со насоките на Советот.

Советот може да одлучи одделни прашања да претресува без присуство на јавноста.

Член 5

Советот обезбедува услови претставниците на печатот и на другите видови информации да се запознаваат со материјалите, заклучоците и ставовите на Советот.

На седниците на Советот, од кои не е исклучена јавноста, присуствуваат новинари што ќе ги определат соодветните редакции.

Со цел да се обезбеди целосно известување на јавноста за работата на Советот се организираат конференции за печатот и РТВ на претседателот и членовите на Советот, како и на републичките секретари.

### II. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ

**1) Свикување на седниците**

Член 6

Седниците на Советот ги свикува претседателот на Извршниот совет (претседател) по своја иницијатива, по предлог од најмалку пет членови на Советот или на основа заклучок на Советот.

Претседателот може да свика седница на Советот и по иницијатива на претседателот односно Претседателството на Собранието на СРМ.

Советот може да определи постојан ден во неделата за одржување на седниците на Советот.

Член 7

Седниците на Советот се свикуваат со писмена покана. Со поканата за седница се доставува предлогот на дневниот ред со потребните материјали.

Во случаи на особена итност седница на Советот може, по исклучок, да се свика усно, без означување на предлогот на дневниот ред и без доставување на материјали.

Член 8

Покана за седница со Предлогот на дневниот ред и материјалите за секоја точка од дневниот ред, како и записникот од претходната седница, се доставува на членовите на Советот, републичките секретари, директорот на Републичкиот завод за општествено планирање, секретарите во Советот, Претседателството на Собранието на СРМ и претседателот на Стопанската комора на Македонија (Комора).

Покана за седница им се доставува, заедно со соодветни материјали, и на одделни старешини на републички органи кога се предлага претресување на материјали од делокругот на органот што го раководат.

Поканата за седница со предлогот на дневниот ред и материјалите се доставува најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на седницата, а иницијатива за поднесување предлог за донесување закон (иницијатива за закон), нацртите и предлозите на закони, општествениот план, буџетот и други прописи најмалку осум дена пред тој ден. Во особено оправдани случаи претседателот може, по своја иницијатива или по предлог од член на Советот односно републички секретар, во предлогот на дневниот ред да стави и прашање по кое материјалот е доставен во срок покус од означениот.

Член 9

Претседателот може на седница на Советот, заради претресување на прашања од заеднички интерес, да повика претседатели на општински собранија и претседателот на Градското собрание на Скопје, како и претставници на работни и други организации и нивни здруженија.

Кога на дневен ред на седницата на Советот се наоѓаат прашања што се од интерес за работата на општествено-политичките и другите самоуправни организации на седницата можат по покана од претседателот или по заклучок на Советот, да присуствуваат и учествуваат и нивни претставници.

Во случаите од претходните ставови на поканетите им се доставува и материјал за соодветната точка од дневниот ред.

Член 10

На седница на Советот можат, по покана или во согласност со претседателот, а по предлог од член на Советот или републички секретар, да присуствуваат одделни функционери и стручњаци заради давање обавестувања или стручни мислења по прашања од дневниот ред на седницата.

**2) Подготвување на седниците**

Член 11

Седниците на Советот ги подготвува претседателот по своја иницијатива, на основа заклучоци на Советот, на основа примените предлози од членовите на Советот, секретарот на Советот, републичките органи на управата, органите и организациите што вршат работи од општ интерес за Републиката и секретаријатите во Советот (предлагачи).

Предлог за ставање на одделно прашање во предлогот на дневниот ред може да поднесе општинско собрание и Градското собрание на Скопје.

Член 12

Предлозите за седница на Советот заедно со материјалите се доставуваат преку секретарот на Советот.

Предлозите и мислењата што ги доставуваат за седница на Советот републичките органи на управата и другите органи ги потпишуваат старешините на органите или, кога се тие отсутни или спречени, нивните заменици.

Член 13

Во случаите кога за седница на Советот се предлагаат материјали во чие претресување, по мислењето на предлагачот треба да учествуваат и претставници на други органи или организации, тој при поднесувањето на предлогот ќе ги означи органите односно организациите чие повикување го смета оправдано.

Кога предлагачот смета дека по одделно прашање од предлогот на дневниот ред на седницата треба да присуствуваат одделни функционери или стручњаци заради давање обавестување или стручни мислења, должен е најдоцна спроти денот на седницата да му достави на секретарот на Советот список на лицата чие повикување го смета нужно.

Член 14

Предлозите што се однесуваат на системски или други поважни прашања, како и иницијативата за закон, нацртите и предлозите на законите и другите акти што му се поднесуваат на Собранието, предлагачите му ги доставуваат на Советот најдоцна десет дена пред седницата, а другите материјали најмалку седум дена пред седницата.

Работните тела на Советот своите мислења и предлози му ги доставуваат на Советот најмалку три дена пред седницата.

По исклучок, предлагачите можат да бараат одделни прашања да се стават на дневен ред на седницата и по нејзиното свикување ако, според својот карактер, не трпат одлагање. Во овој случај предлагачот е должен материјалите да ги достави најдоцна три дена пред седницата и посебно да ја образложи итноста.

Член 15

Предлагачите за секој предлог ги доставуваат сите материјали нужни за одлучување, како и прибавените мислења од заинтересираните органи и организации.

Ако предлогот налага материјални издатоци предлагачот поднесува со предлогот и податоци за нивниот финансиски ефект и ги означува изворите од кои ќе се обезбедат нужните средства.

Член 16

Предлагачот кон секој извештај, анализа или друг материјал приложува и предлози на заклучоци и мерки што треба да се донесат и ги означува органите односно организациите што треба да ги спроведат истите.

Одредбата од претходниот став не се однесува на информациите.

Информациите не се претресуваат на седници на Советот, освен кога по барање на предлагачот тоа го заклучи претседателот или Советот.

Член 17

Кога на Советот му се поднесуваат посложени и пообемни материјали, предлагачот е должен да приложи и извод (резиме) кој ги содржи основните поставки на материјалот и поважните прашања за кои Советот треба да заземе став.

Изводот треба да биде редигуван така што да овозможува претресување на прашањето и заземањето на ставови.

Член 18

Нацртите и предлозите на закони и други акти што му се поднесуваат на Собранието и предлозите на прописи што ги донесува Советот се поднесуваат во обликот во кој се донесуваат.

Иницијативата за закон, нацртите и предлозите на закони и предлозите на прописи што ги донесува Советот (предлози на прописи) ги доставуваат предлагачите од член 11 од овој деловник.

Иницијативата за закон, како и иницијатива за претресување на нацртите и предлозите на закони, односно за донесување на прописите од став 1 на овој член можат да покренат општинско собрание, Градското собрание на Скопје, Комората, работна и друга организација и граѓани.

Член 19

Иницијативата за закон ги содржи причините поради кои е потребно да се донесе тој закон, основните начела врз кои тој треба да се засновува и прашањата што треба со него да се уредат.

Член 20

Кон нацртите и предлозите на закони и предлозите на прописите што му се поднесуваат на претресување на Советот, предлагачите од член 11 од овој деловник, поднесуваат и образложение, кое особено ги содржи причините поради кои се предлага донесување на законот, односно предлогот на прописот, проблемите што се решаваат, средствата што се потребни за негово спроведување и изворите од кои ќе бидат обезбедени тие средства, како и други околности што се од значение за прашањата што се уредуваат со законот односно предлогот на прописот.

Член 21

Кога надлежните собори на Собранието ќе го усвојат предлогот на Советот за донесување закон и заклучат да им се поднесе нацрт односно предлог на закон, Советот определува кој орган на управата, орган или организација што врши работи од општ интерес за Републиката или секретаријат во Советот ќе го изработи нацртот односно предлогот на закон, или изработката на нацртот односно предлогот на закон ќе ја доверува на посебна комисија, на научна или стручна институција или на одделни стручни или научни работници.

Ако со законот се уредуваат посложени прашања, Советот може да определи и други органи што ќе учествуваат во изработката на нацртот односно предлогот на закон, како и при изработката на нацртот односно предлогот на законот да се консултира со соодветни општински органи и други органи и организации, а може да определи и други форми на соработка што можат да придонесат за подобра изработка на нацртот односно на предлогот на законот.

На начин предвиден во став 1 на овој член Советот ќе постапи и во случај кога, поради тоа што итно треба да се регулира определено прашање или презема мерки, ќе одлучи да поднесе непосредно на Собранието нацрт или предлог на закон или друг акт и пред да биде разгледана потребата од нивно донесување од страна на Собранието.

Член 22

Нацртот односно предлогот на закон изработен од страна на посебна комисија, научна или стручна институција или одделни стручни или научни работници, Советот го упатува на мислење на соодветниот републички орган на управата во чиј делокруг се ставени прашањата што се уредуваат со нацртот односно со предлогот на законот.

Член 23

Републичките органи на управата, органите и организациите што вршат работи од општ интерес за Републиката, во остварувањето на соработката, нацртите и предлозите на закони, нацртите на прописи и општи акти што му се доставуваат на Советот на претрес или донесување ги доставуваат на мислење и тоа:

— нацртите и предлозите на закони, нацртите на прописи и општи акти што повлекуваат материјални издатоци — на Републичкиот секретаријат за финансии;

— нацртите и предлозите на закони, нацртите и предлозите на прописи што содржат одредби за кривични дела и прекршоци — на Републичкиот секретаријат за правосудство;

— нацртот на општествениот план и буџет на Републиката — на сите републички органи, општинските собранија и Градското собрание на Скопје, Комората и други заинтересирани работни и други организации.

Со цел да се обезбеди давање на стручна помош при изработката на нацртите и предлозите на закони, нацртите на прописи и општи акти, што му се упатуваат на Советот и нивна усогласеност со единството на правниот систем, републичките органи на управата, органите и организациите што вршат работи од интерес за Републиката, овие акти пред упатувањето на Советот можат да ги доставаат на мислење на Секретаријатот за законодавство и организација во Извршниот совет. Секретаријатот за законодавство и организација, дава мислење по тие акти доколку тоа органите односно организациите го побараат благовремено.

По исклучок, нацртите и предлозите на закони, нацртите на прописи и општи акти од став 1 алинеа 1 и 2 од овој член можат да му се доставаат на Советот и без предвидените мислења ако се работи за прашање кое не трпи одлагање. Во тој случај предлагачот ќе го извести Советот за причините поради кои не ги прибавил мислењата.

Советот претходно одлучува дали ќе се разгледаат актите од претходниот став без мислења.

Член 24

Нацртите и предлозите на закони, што се доставуваат на Советот за утврдување а се однесуваат на положбата на општините и нивните органи или со кои се вршат измени во утврдената политика, се предлага нова политика во одделни области, или се уредува начинот на спроведување на утврдена политика, на работи со кои се конкретизираат уставно утврдените права и должности на општините или истите се проширувааат, по прашањата на материјалната положба на општините, на утврдувањето на изворите и висината на приходите и обврските на општините, општествениот развиток на Републиката, измените во подрачјата на општините, Советот ги доставува на мислење на општинските собранија и Градското собрание на Скопје.

Член 25

Претседателот може да го одложи ставањето на одделно прашање на дневен ред на седница на Советот, ако утврди дека не се приложени потребни материјали или не се прибавени предвидените мислења или не се исполнети и други услови потребни за одлучување.

Секретарот на Советот го обавестува предлагачот за причините на одлагањето.

Ако предлагачот и покрај тоа бара прашањето да се стави на дневен ред на седница на Советот, за тоа одлучува Советот на седницата.

### 3) Тек на седницата

Член 26

Седницата на Советот ја отвора и ја раководи претседателот.

Во случај на отсутност и спреченост на претседателот седницата ја отвора и ја раководи потпретседателот, што ќе го определи Советот.

Член 27

По отворањето на седницата се пристапува кон усвојување на записникот од претходната седница.

На записникот може да стави забелешка секој член на Советот и републички секретар по прашањето по кое учествувал со право на член на Советот.

Забелешките, по правило, се доставуваат писмено пред седницата.

Член 28

По усвојувањето на записникот од претходната седница претседателот ги соопштува евентуалните изменувања и дополнувања на предложениот дневен ред и дава други обавестувања во врска со седницата на Советот.

Член 29

Членовите на Советот и функционерите што на седниците учествуваат со право на член на Советот можат да бараат, пред утврдувањето на дневниот ред определено прашање да се внесе во дневниот ред на седницата заради претресување по итна постапка. За таквото барање одлучува Советот.

Член 30

Дневниот ред на седницата го утврдува Советот на основа предлогот на претседателот.

Член 31

Советот работи на основа утврдениот дневен ред.

Право да учествува во претресувањето и одлучувањето за прашањата што се на дневен ред на седницата имаат членовите на Советот.

Републичките секретари и други републички функционери одредени со закон, односно во случај на нивна спреченост нивните заменици, имаат право да учествуваат во претресувањето и одлучувањето по прашањата од делокругот на органот со кој раководат, по предлозите на републичкиот општествен план, републичкиот буџет и завршната сметка за извршување на буџетот.

Функционерите од претходниот став можат, по одобрение на претседателот, да учествуваат во претресувањето и во случаите кога не се предлагачи на материјалот по кој се расправа.

Старешините на другите самостојни републички органи можат да учествуваат во претресувањето на прописот или друг акт што тие го поднеле.

По одобрение на претседателот во претресувањето можат да учествуваат и други поканети претставници на самостојни органи и работни организации по прашања од интерес за органот, односно работната организација што ја претставуваат.

Член 32

Заклучоците по сите прашања по кои Советот расправа на седницата ги формулира претседателот, а ги утврдува Советот.

Во случај на потреба Советот може заради формулирање на заклучоците да образува група од членови на Советот и старешини на соодветните републички органи на управата.

Заклучоците од претходниот став ги утврдува Советот на првата наредна седница.

Член 33

Советот одлучува на седниците со мнозинство на гласови на присутните членови и функционери кои во претресувањето на одредени прашања учествуваат со право на член на Советот.

Гласањето е јавно.

Резултатите од гласањето ги утврдува претседателот.

Член 34

На седницата на Советот се води записник.

Записникот содржи дневен ред на седницата на Советот, имињата на присутните и заклучоците донесени по пооделни прашања.

Секој член на Советот и функционер што на седницата присуствува со право на член на Советот има право да бара неговите изјави и предлози да се внесат во записникот.

Записникот го оверува претседателот односно потпретседателот на Советот кој претседавал на седницата и секретарот на Советот.

За водењето на записникот се грижи секретарот на Советот.

Член 35

За седницата на Советот се водат стенографски белешки и се врши магнетофонско снимање.

Стенографските белешки и магнетофонските ленти имаат право да ги користат членовите на Советот и републичките секретари, како и старешините на републичките органи во деловите што се однесуваат на работите од нивниот делокруг.

За чувањето на стенографските белешки и магнетофонските ленти се грижи секретарот на Советот.

Магнетофонските ленти се чуваат најмалку 30 дена од денот на одржувањето на седницата.

Секој член на Советот, републички секретар или секретар во Советот, како и друг функционер кој присуствува на седницата на Советот може да ги побара на увид стенографските белешки и во делот од неговото излагање да изврши стилски и јазични исправки, при што не може да ја менува содржината на своето излагање.

Заради отклонување на евентуална несогласност помеѓу стенографските белешки и излагањето, функционерот од претходниот став може да ја користи магнетофонската лента на која е снимено неговото излагање.

**а) Претрес на нацрти и предлози на закони и предлози на прописи на седница на Советот**

Член 36

Иницијативата за закон, нацртите и предлозите на закони како и предлозите на прописите се претресуваат ако на седницата присуствува предлагачот.

По исклучок, Советот може да одлучи претресот да се води и без присуство на предлагачот кој е уредно поканет.

Член 37

Во почетокот на претресот предлагачот на иницијативата за закон, нацртот односно предлогот на закон и предлогот на прописот може да даде уводно објаснување.

Член 38

Ако Советот врз основа на претресување на иницијатива за закон одлучи да поднесе на Собранието предлог за донесување закон, ќе го утврди предлогот за донесување закон, или ќе утврди начелни ставови врз основа на кои органот на управа, органот и организацијата што врши работи од општ интерес за Републиката и секретаријатот во Советот ќе изработи предлог за донесување на закон и може да заклучи изработениот предлог за донесување на закон да му се поднесе на утврдување.

Член 39

Секој член на Советот пред седницата може да предложи измени на нацртите и предлозите на закони, на предлозите на прописите или другите акти кои се внесени во предлогот на дневниот ред. Предлогот се формулира писмено и се доставува на секретарот на Советот и предлагачот.

Член на Советот кој е спречен да присуствува на седницата може своето мислење по прашањата кои се на дневен ред да го достави писмено пред почетокот на седницата.

Член 40

За нацртот односно предлогот на закон што Советот по своја иницијатива или врз основа на заклучок на собор на Собранието го предлага на Собранието, прво се води претрес во начело, ако Советот на предлог од претседателот или некој член на Советот не одлучи да се води единствен претрес.

Ако Советот не го усвои нацртот односно предлогот на закон во начело, ќе му го врати нацртот односно предлогот на закон на републичкиот орган на управата, органот и организацијата што врши работи од општ интерес за Републиката односно секретаријатот во Советот што го подготвил нацртот односно предлогот на законот и ќе ги утврди начелните ставови за измените и дополнувањата што во нацртот односно предлогот на закон треба да се извршат.

Член 41

Откако Советот го усвои нацртот односно предлогот на закон во начело, претресот се наставува во поединости, по глави, оддели, членови и др., доколку Советот поинаку не одлучи.

Член 42

Во текот на целиот претрес можат да се поднесуваат предлози за изменување и дополнување во нацртот и предлогот на законот (амандмани) сè до неговото ставање на гласање. Ако предложените изменувања и дополнувања повлекуваат нови материјални издатоци или измени во распоредот на буџетските средства, републичкиот секретар за финансии може да бара да се одложи претресот додека предлогот не го проучи.

Претседателот може да бара подносителот писмено да ги формулира предлозите за изменувања и дополнувања на нацртот и предлогот на законот.

По сите предлози за изменување и дополнување се изјаснува предлагачот.

Амандмани можат да се поднесуваат писмено и пред седница на Советот.

Пред да се стават на гласање изменувањата и дополнувањата, секретарот за законодавство и организација е должен да го запознае Советот со евентуалните несогласности на предложените изменувања и дополнувања со правниот систем или да побара претресот да се одложи за да го проучи прашањето.

Член 43

По завршениот претрес и усвојување во поединости за нацртот односно предлогот на законот се гласа во целост.

Член 44

Извршниот совет претресувањето и усвојувањето на предлозите на прописите го врши по правило на начин предвиден во член 40, 41, 42 и 44.

Член 45

Советот го утврдува на седница нацртот и предлогот на законот односно друг пропис.

Советот може да одлучи нацртот и предлогот на законот и друг пропис, за кој Советот зазел

начелни ставови или во кои на седницата се извршени изменувања и дополнувања да го изготват Секретаријатот за законодавство и организација и предлагачот. Доколку овие органи не се согласат за ова, одлучува претседателот на Советот.

Редакција на усвоените предлози на закони, прописи и други акти на седница на Советот се врши во Секретаријатот за законодавство и организација, доколку благовремено му се доставаат.

**б) Поднесување предлог за донесување закон, нацрт и предлог на закон и друг акт на Собранието**

Член 46

Претседателот ги доставува до Собранието предлогот за донесување на закон, нацртот и предлогот на закон и друг акт што го усвоил Советот, за чие одлучување односно донесување е надлежно Собранието.

Член 47

Советот ги утврдува на седница своите мислења по предлозите за донесување закони, нацрти и предлози на закони и други акти, што не ги поднел Советот на Собранието.

Пред утврдувањето на мислењето Советот може да бара мислење и известувања за предлогот за донесување закон, нацртот односно предлогот на законот или друг акт, од органот во чиј делокруг спаѓа прашањето, како и од Секретаријатот за законодавство и организација. На седницата на која се утврдуваат мислењата се поканува и предлагачот односно негов претставник.

Член 48

Мислењата од претходниот член Советот му ги доставува на Собранието писмено. Советот може да определи свој претставник што ќе го образложи мислењето во телата на Собранието односно на седница на Соборот. Овој претставник ги има правата и обврските што ги имаат претставниците на Советот по предлозите за донесување на закон, нацртите и предлозите на закони што му ги поднесува на Собранието Советот.

Член 49

За секој предлог за донесување закон, нацрт и предлог на закон, или друг акт што му се упатува на претрес и усвојување на Собранието, Советот одредува претставник и повереник на Советот и за тоа го известува Собранието. Советот одредува дали претставникот на Советот ќе поднесе образложение (експозе) во соборот на Собранието за поодделни предлози за донесување на закони, нацрти и предлози на закони и други акти.

Ако определениот претставник или повереник на Советот е спречен да учествува во работата на одбор, комисија или собор на Собранието, претседателот одредува друг претставник, а секретарот на Советот друг повереник.

**в) Подготвување извештаи, анализи и други материјали**

Член 50

Со извештаите, анализите и другите материјали кои не се изработени во форма на пропис, на Советот му се доставува и резиме и предлог заклучоци.

Републичкиот орган на управата може да побара мислење за поважни прашања од работно тело на Советот, пред прашањето да се изнесе на седница на Советот.

Ако материјалите од став 1 се доставени од општинско собрание и Градското собрание на Скопје, општествено-политичка, самоуправна или друга организација, претседателот може материјалот да го достави на соодветниот републички орган на управата да постапи во рамките на својата надлежност или пред изнесување на седница на Советот да побара мислење од републичкиот орган на управата или работното тело на Советот.

Член 51

Советот води претрес, по правило, по предлозите на заклучоците кога ги претресува извештаите, анализите и другите материјали.

Материјалите од претходниот став Советот може да ги прими на знаење, усвои, отфрли или врати на предлагачот за повторна обработка.

Член 52

За подготвувањето и претресот на извештаи, анализи, информации и други материјали сходно се применуваат одредбите од овој деловник што се однесуваат на предлозите односно нацртите на прописите.

## III. ОДГОВОРИ НА ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА

Член 53

На прашањата на пратениците поставени на претставникот на Советот при разгледување на предлог закон и други прописи односно материјали во соборите на Собранието, одговор дава претставникот на Советот.

Член 54

Одговорот на пратеничкото прашање, што се дава во Собранието, се утврдува на седница на Советот.

## IV. СОВЕТУВАЊА

Член 55

Извршниот совет може да одржува советување со претставници на општинските собранија и Градското собрание на Скопје, претставници на работни и други организации и нивни здруженија и претставници на општествено-политичките организации заради претресување на прашања од заеднички интерес, а заради заедничкото и единствено насочување на работите од таков интерес.

Советувања од претходниот став можат на основа заклучок на Советот да одржуваат и одборите и комисиите на Советот.

Член 56

Иницијатива за свикување на советување може да покрене општинско собрание, Градското собрание на Скопје, општествено-политичка организација и здружение на работни организации.

Советувањата договорно ги организираат Советот и нивните учесници.

Советувањата ги свикува претседателот на Советот односно претседателот на одборот или комисијата.

Член 57

На советувањата можат да се донесуваат заклучоци по прашањата за кои се одржуваат.

## V. РАБОТНИ ТЕЛА НА СОВЕТОТ

Член 58

За разгледување на прашања и давање мислења и предлози, како и за донесување решенија по определени прашања од својата надлежност, Советот со одделен акт образува одбори, комисии и други работни тела.

Член 59

Работните тела на Советот работат на седница.

Претседателот на работното тело ги свикува седниците на телото, претседава, предлага дневен ред и се грижи за извршување заклучоците на телото.

На седницата на работното тело се води записник.

Член 60

По прашања што се во непосредна врска или од заеднички интерес за повеќе одбори на Советот, заинтересираните одбори можат да одржат заедничка седница за нивното разгледување.

Заеднички седници одборите на Советот можат да држат и со работните тела на Собранието.

Член 61

Комисиите донесуваат решенија во името на Советот односно му даваат мислења и предлози на Советот по одделни прашања од неговата надлежност.

Член 62

На седниците на работните тела, по потреба, можат да се поканат и претставници на заинтересирани органи и организации заради изнесување мислење по прашања што се на дневен ред на седницата.

Член 63

Вршењето на стручните и административните работи на работните тела го обезбедува секретарот на Советот, доколку со актот за нивно образување не е поинаку одредено.

## VI. СЕКРЕТАР НА СОВЕТОТ

Член 64

Секретарот на Советот ги врши работите одредени со Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет и овој деловник, како и други работи што ќе му ги одреди Советот или претседателот.

Член 65

Секретарот на Советот се грижи за подготвување на материјалите за работа на Советот, му помага на претседателот во подготвувањето и организирањето седниците на Советот и се грижи за тоа заклучоците на Советот да се достават до заинтересираните републички органи на управата, други органи и организации.

Во поглед организацијата и работата на Советот, секретарот обезбедува услови за работа на работните тела, организира и обезбедува мерки за одржување седниците на Советот и се грижи за подготвувањето и доставувањето на материјалите за седница на Советот.

Секретарот на Советот присуствува на сите седници на Советот.

Член 66

Секретарот на Советот ја усогласува работата на стручните и други служби на Советот и за таа цел може да одржува состаноци со раководителите на стручните служби на кои се разгледуваат прашања од интерес за работа на Советот и неговите работни тела.

Член 67

Секретарот на Советот непосредно раководи со стручните и други служби на Советот, освен со оние за кои со закон е поинаку одредено.

Член 68

Секретарот на Советот може да има помошници што ги именува Советот.

Помошникот му помага на секретарот во вршењето на работите од неговиот делокруг кои тој ќе му ги одреди.

Член 69

Секретарот на Советот е наредбодавец за извршување на претсметката на Советот.

Член 70

Секретарот на Советот, во поглед на заснивањето и престанокот на работниот однос на работници во службите на Советот, ги има правата и должностите на старешина на републички орган на управата, ако со закон или овој деловник не е поинаку одредено.

## VII. АКТИ НА СОВЕТОТ

Член 71

Заради остварување на своите права и должности утврдени со Уставот и закон, Советот донесува уредби, одлуки и упатства за извршување на закони и други општи акти кога за тоа е овластен со закон или со тие акти.

Советот донесува решенија кога за тоа е овластен со закон или друг пропис.

Советот донесува општи насоки за работа на републичките органи на управата со кои се усогласува работата на овие органи во спроведувањето на законите и другите акти на Собранието и Советот.

Советот донесува заклучоци во случај кога не одлучува со друг акт.

Член 72

Уредба е основен општ пропис со кој се пропишуваат одредби од општо значење за извршување на закон.

Советот донесува уредба кога е предвидено со закон, кога основа републички орган на управата што не се основа со закон и кога утврдува општи начела за внатрешна организација на републичките органи на управата.

Советот донесува одлука кога е предвидено со закон или уредба, кога согласно со закон основа работни организации и други организации за потребите на Советот и другите републички органи, кога основа постојани работни тела и стручни служби кои не се образувани со овој деловник, кога пропишува одредби од општо значење за извршување на уредба и кога го менува и дополнува деловникот.

Со упатство Советот утврдува правила за постапување и работење на републичките органи на управата и другите органи и организации што вршат работи од општ интерес за Републиката, како и за организирање извршувањето на законите и прописите на Советот.

Советот донесува решение кога одлучува за именување, назначување и разрешување, за основање повремени работни тела, за давање согласност на општи и други акти на орган и организации, за укинување општи акти на републички органи на управата и запирање на акти на други органи и организации, како и во други случаеви предвидени со пропис.

Член 73

Општите насоки се донесуваат кога е потребно точно да се утврди политиката, извршувањето на законите и општите акти на Собранието како и прописите и утврдените ставови на Советот.

Општата насока се утврдува писмено во форма на заклучок.

Со заклучок Советот ги уредува внатрешните односи, ги одредува задачите и рамките на делокругот на своите служби и зазема ставови во врска со своето работење.

Со заклучок Советот ја установува состојбата и зазема ставови и гледишта по прашањата што ги претресувал и ги утврдува општите насоки за работа на републичките органи на управата. Советот со заклучок го утврдува и мислењето по предлозите за донесување закони, нацртите и предлозите на закони и други акти што не му ги поднел Советот на Собранието.

Член 74

Уредбите, одлуките и упатствата ги потпишува претседателот, а другите акти претседавачот на седницата.

Уредбите, одлуките и упатствата се објавуваат во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а решенијата се објавуваат ако за тоа одлучи Советот.

Обавестувањето за заклучоците го потпишува секретарот на Советот, ако за одделен заклучок Советот или претседателот не одлучат да ги потпише претседателот.

Секретарот ги потпишува и сите персонални решенија што ги донесува Советот, освен решенијата за именување и разрешување.

Член 75

Секретарот на Советот благовремено ги известува заинтересираните органи на управата за заклучоците на Советот и може од тие органи да бара обавестување за нивното спроведување.

## VIII. УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ И ПИСМАТА

Член 76

Членовите на Советот и функционерите што учествуваат во работата на Советот — припадници на албанската и турската народност, имаат право на седницата на Советот и неговите работни тела да зборуваат на јазикот на народноста на која ѝ припаѓаат.

Член 77

Излагањето на членовите на Советот и на функционерите што учествуваат во работата на Советот — припадници на албанската и турската народност, на седница на Советот или на некое од работните тела на Советот, на албански или турски јазик се преведуваат на македонски јазик, а излагањата на македонски јазик се преведуваат на албански и турски јазик, доколку припадниците од албанска и турска народност не се изјаснат да не се преведува на тие јазици.

На членовите на Советот и функционерите што во работата на Советот учествуваат со право на член на Совет, што ѝ припаѓаат на албанската или турската народност, материјалите за седница на Советот односно работно тело на Советот, се доставуваат на албански односно турски јазик, доколку тие не побараат материјалите да им се доставуваат на македонски јазик.

## IX. СТРУЧНИ И ДРУГИ СЛУЖБИ НА СОВЕТОТ

### 1. Секретаријати во Советот

Член 78

За вршење на определени стручни и други работи за потребите на Собранието и Советот, во Советот постои Секретаријат за законодавство и организација и Секретаријат за информации, како самостојни стручни служби.

Делокругот на секретаријатите како и правата и должностите на секретарите на секретаријатите од претходниот став пропишани се со закон.

Член 79

Секретарот за законодавство и организација и секретарот за информации во случај на отсутност ги заменува функционер што ќе го определи претседателот на Советот.

### 2. Останати стручни и други служби на Советот

Член 80

Во Советот постојат следните стручни служби: Управа за персонални прашања, Биро за документација, Кабинет на претседателот и потпретседателот на Советот, Биро на секретарот, Биро за претставки и поплаки за Собранието и Советот, Протокол за Собранието и Советот, Одделение за организација на органите на управата, Одделение за општи и заеднички служби, Служба за обезбедување на работните простории на Собранието и Советот, Отсек за материјално-финансиско работење (сметководство) и Отсек за општи работи.

Советот може со посебна одлука да образува и други стручни служби.

Правилникот за организација и работење на стручните служби го донесуваат работната заедница на стручните служби и секретарот на Советот во согласност со Советот.

Член 81

Старешината ја организира работата на стручната служба и лично е одговорен за законито, правилно и благовремено извршување на задачите на службата.

По овластување на секретарот на Советот старешините на стручните служби можат да ги потпишуваат актите од делокругот на стручната служба.

## X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 82

Со денот на влегувањето во сила на овој деловник престанува да важи Деловникот на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 2/67).

Член 83

Овој деловник влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-196/1
25 јануари 1968 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД БИТОЛА

Ружа Јуруковска, по татко Колимачковска, од село Ѓавато, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против Христо Јуруковски, од село Ѓавато, а сега во Австралија со непознато место на живеење. Бидејќи тужениот Христо е во неизвесност, се поканува во срок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави или да одреди свој застапник. Во противен случај застапник ќе му се одреди по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 20/68. (21)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I

При Општинскиот суд Скопје I, се води постапка за докажување загубено свидетелство за завршен III клас граѓанско училиште през учебната 1933/34 година на име Беца Поповска, по татко Иљева Василевска.

Се поканува секое лице што го поседува или нешто знае за загубеното свидетелство да јави на судот во срок од 30 дена по објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Од Општинскиот суд Скопје I, Р. бр. 1177/67 од 14. II. 1968 година. (18)

### ОПШТИНСКИ СУД ПРИЛЕП

При Општинскиот суд во Прилеп, е подигната постапка за докажување загубена потврда за завршен противпожарен курс при Тутуновиот комбинат — Прилеп, за времето од 10. XII. 1961 до 6. V. 1962 година, на име Бунтески Трајче Милан од Прилеп, ул. „Борка Влачарот“ бр. 9.

Се поканува секое лице што ја нашло или ќе ја најде горенаведената потврда, да соопшти на Општинскиот суд во Прилеп во срок од 3 месеци по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“.

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 873/67. (19)

---

При Општинскиот суд во Прилеп, се води постапка за докажување загубено свидетелство за завршено IV одделение през учебната 1911/12 година во Прилеп, на име Илиоски Димо Јован од Прилеп.

Се поканува секое лице што го нашло или ќе го пронајде горенаведеното свидетелство, да соопшти на овој суд во срок од 3 месеци по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ".

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 227/68. (20)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 224, страна 595, е запишано следното: Дејноста на Земјоделското стопанство „Острово" — Скопје, согласно одлуката бр. 350 од 4. IV. 1967 година на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост се проширува и со: продажба на големо, промет на селско-стопански и прехранбени артикли, како и нивните преработки; поправка на моторни возила, на земјоделски машини и електро-инсталатерски услуги; продажба на градежни материјали и огревни материјали; унапредување на земјоделството, односно вршење на услуги како и производство и услуги со хорти-култури.

Досегашниот потписник на споменатото стопанство Атанасовски Стојче е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нови потписници на Земјоделското стопанство „Острово" — Скопје се назначени следните лица: Јовановски Бошко Богдан, шеф на сметководството и Митев Крсто Круме, раководител на економската единица за растително производство, кои стопанството ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Александар Николовски, директор, сметано од 10. V. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 442 од 30. V. 1967 год. (995)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 667, страна 465, книга IV е запишано следното: Дејноста на Слаткарското претпријатие „Ванила" — Скопје се проширува и со: изработка и продажба на разна скара, продажба на разно овошје, продажба на пакувани кикирики, подготвување и продажба на кренвиршли, согласно одлуката бр. 990 од 26. V. 1967 година на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 545 од 14. VI. 1967 година. (996)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1066, страна 305, книга V е запишано следното: Фирмата на Пословницата во Скопје на улица „Иво Рибар Лола" бр. 46 на „Стоков промет", — трговска работна организација за промет со мешовити стоки и посредување — Делчево, се менува и гласи: Трговска работна организација со промет на мешовити стоки на големо и мало со посредување „Тргокомерц" — Делчево — Пословница во Скопје, ул. „Иво Рибар Лола" бр. 161/67 од 26. V. 1967 година на Окружниот стопански суд во Штип.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 540 од 15. VI. 1967 год. (999)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 4, страна 1093-1094, книга III е запишано следното: Седиштето на Претпријатието за бањи, перење, пеглање и хемиско чистење „Младост" — Скопје, ул. „Партизанска" бр. 5 (административни згради) се преместува од улица „Партизанска" број 5 на улица „Иван Милутиновиќ" бр. 1 во Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 472 од 31. V. 1967 год. (1002)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 660, страна 533, книга IV е запишано следното: Дејноста на Трговското претпријатие за промет со кожи, волна, стока и сточни производи на големо и мало „Стококооп" — Скопје се проширува и со продажба на големо и мало на следните артикли: волнено предиво и предиво од вештачко потекло, ткаенини од волна, свила, памук и мебел ткаенини, суров памук, јамболии, ќилими и други производи од домашни ракотворби, согласно одлуката бр. 1476 од 20. V. 1967 година на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 539 од 15. VI. 1967 година. (1004)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 72, страна 209 е запишано следното: Дејноста на Продавницата на Новинско издавачкото и печатарско претпријатие „Политика" — Белград во Скопје, на ул. „Генерал Темпо" бр. 32 се проширува и со: продажба на тутун, тутунски преработки, прибор за пушење, конфекција од хартија и таксени марки, согласно одлуката на работничкиот совет од 10. II. 1967 година и решението за регистрација на матичното претпријатие при Окружниот стопански суд во Белград Фи. бр. 958 од 23. III. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 537 од 7. VI. 1967 година. (1006)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 76, страна 833, книга IV е запишано следното: Решението на овој суд Фи. бр. 593 од 12. X. 1966 година, кое се однесува на продавницата во Гевгелија, ул. „Маршал Тито" на Новинско-издавачкото и печатарско претпријатие „Нова Македонија" — Скопје се поправа така што ќе гласи: Деловница во Гевгелија на улица „Маршал Тито" на Новинско-издавачкото и печатарско претпријатие „Нова Македонија" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 640 од 28. VI. 1967 год. (1125)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 992, страна 985, книга IV е запишано под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало „Македонија промет" — Скопје — Претставништво во Кавадарци, ул. „Пано Мударов" бр. 38. Предмет на работењето на претставништвото е: купопродажба и посредување на сите видови нова и половна опрема (механизација и сите приклучни машини) репроматеријали и други материјали и опрема наменета на земјоделството и сточарството; купопродажба и посредување на сите видови овошје и зеленчук; купопродажба и посредување на сите видови земјоделско-индустриски производи: сончоглед, памук, сусам, слануток, луцеркино семе и други производи кои произлегуваат од оваа гранка; купопродажба и посредување на сите видови сточна храна, сите видови вештачки ѓубрива и заштитни средства во земјоделството; купопродажба и посредување на сите видови сточни производи и сета жива стока, живина и сите производи од живинарството; купопродажба и посредување на сите видови градежни материјали како и сите видови огревен материјал, огревно дрво, јаглен, нафта и нафтени деривати и друго од оваа гранка; купопродажба и посредување на сите видови нова и половна механизација и опрема во градежништвото како и сите видови репроматеријали на оваа гранка; купопродажба и посреду-

